Број на Службен весник:44/2011
Датум на објава на Службен весник:05.04.2011
Број на одлука на Уставен суд (У.бр.):/

## МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО, ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО

Врз основа на член 32 став 2 од Законот за земјоделско земјиште („Службен весник на Република Македонија“ бр.135/07 и 18/11), министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА ПОСТАПКАТА И РОКОТ ЗА ВОВЕДУВАЊЕ ВО ВЛАДЕНИЕ И ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА ОБРАЗЕЦОТ НА ЗАПИСНИКОТ

### Член 1

Со овој правилник се пропишува постапката, рокот за воведување во владение, формата и содржината на образецот на записникот.

### Член 2

Комисијата за воведување во владение формирана согласно член 32 од Законот за земјоделско земјиште, ја започнува постапката за воведување во владение по добивање на договорот за закуп.

Министерството го доставува договорот за закуп во рок од три дена од денот на склучување до надлежната Комисијата за воведување во владение, во три еднообразни примероци од кои еден за Комисијата и два за закупецот.

Претседателот на Комисијата приемот на договорот за закуп го потврдува со записник за примопредавање.

### Член 3

По приемот на договорот за закуп Комисијата во рок од три дена го повикува закупецот да достави геодетски елаборат најкасно во рок од 60 дена.

По добивање на геодетскиот елаборат Комисијата во рок до три дена излегува на лице место во присутство на закупецот и геодетско стручно лице го идентификува земјоделското земјиште предмет на договорот, го обележува со трајни белези и врши записничко предавање на земјоделското земјиште во владение на закупецот.

### Член 4

Доколку постојат правни и фактички пречки за воведување во владение на земјоделското земјиште, Комисијата во присутство на закупецот и геодетското стручно лице ги внесува во записникот.

На земјиштето од став 1 на овој член,закупецот се воведува во владение по отстранување на правните и фактичките пречки кои го оптоваруваат земјиштето.

### Член 5

Записникот за воведување во владение се изготвува во шест еднообразни примероци од кои два за корисникот на закупот и четири за давателот на закупот.

### Член 7

Образецот на записникот за воведување во владение на земјоделското земјиште се печати на хартија со бела боја на А4 формат, и особено содржи:

- грбот на Република Македонија и називот на органот кој го спроведува воведувањето во владение;
- назив на образецот;
- број и датум на записникот за воведување во владение;
- правен основ (број и датум на договор за закуп);
- податоци за корисникот на закуп (име и презиме/назив на субјектот, адреса/седиште, ембг/ едбр);
- датум на извршен теренски увид и идентификација на земјоделското земјиште;
- податоци за земјоделското земјиште кое се воведува во владение;
- забелешка на Комисијата за извршеното воведување во владение;
- забелешка на закупецот за извршеното воведување во владение;
- име и презиме на членовите на Комисијата;
- име и презиме/ назив на корисникот на закуп и
- матичен печат.

**Член 8**

Образецот на записникот за воведување во владение е даден во Прилог кој е составен дел на овој правилник.

**Член 9**

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавување во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 22-3320/1
4 април 2011 година
Скопје

Министер за земјоделство,
шумарство и водостопанство,
Љупчо Димовски, с.р.

**Прилог**

Врз основа на член 32 став 1 од Законот за земјоделско земјиште ("Службен весник на Република Македонија" бр.135/07 и 18/11), и точка ____ од Основниот договор за закуп на земјоделско земјиште бр.______ од ______ година, се изготвува следниот

**З А П И С Н И К**
**за воведување во владение на договор за закуп**

Составен на ден ___________година, по извршениот увид на лице место на земјоделското земјиште предмет на Договор за закуп земјоделско земјиште бр.________ од ______ година, склучен помеѓу Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство како давател на закупот и _______________________ како корисник на закупот.

Увидот на лице место се одржа на ден _____година, во присуство на комисијата, корисникот на закуп и вештото лице геометар __________, пристапено е кон идентификација и предавање во владение на земјоделското земјиште предмет на договорот.
Воведувањето во владение се изврши на тој начин што: земјоделското земјиште во државна сопственост, кое е предмет на Договорот за закуп бр.__________ од ________ година, беше идентификувано на терен, а потоа и соодветно обележано со видни међни ознаки.
При увидот беше констатирано дека состојбата на терен во потполност одговара на евиденцијата во катастарскиот операт и изготвениот геодетски елаборат.
Бидејки немаше никакви забелешки со предавањето на предметното земјоделското земјиште на терен, корисникот на закуп _________________влегува во владение на земјоделското земјиште во државна сопственост за времетраење од ___ години за одгледување на ________, со следниве катастарски индикации:

| Р бр | Катастарска Општина | Место викано | П.Л. бр. | К.П. бр. | Култура | К.К | Површина | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | | ха | ар | $m^2$ |
| 1 | | | | | | | | | |
| 2 | | | | | | | | | |
| 3 | | | | | | | | | |
| **Се вкупно:** | | | | | | | | | |

Корисникот на закуп се воведува во владение на вкупна површина од __ха __ар __ м2.

Забелешка на комисијата ____________________________________________
Забелешка на закупецот _____________________________________________

Записникот е составен во 6 (шест) еднообразни примероци од кои 2 (два) за закупецот и 4 (четири) за закуподавачот.

**Комисија за воведување во владение на земјоделско земјиште** | **Закупец**

Претседател ___________ | ___________________
Член ___________________
Член ___________________ **м.п.**